Христо МЕЛОВСКИ

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЕКСКУСИЈАТА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ФЕУДАЛНИТЕ ОДНОСИ

Една од институциите кои влиаеле врз развојот на феундалните односи во Византија е и ексусијата (ἐξκουσσεία). Дијалектички гледано екскусијата е и продукт на тие односи и фактор во нивниот развиток. Суштината на екскусијата и нејзиниот однос кон институцијата на имунитетот на западноевропските феудални држави не се наполно објасни и разликите во мислењата на истражувачите се движат од наполното изедначување на овие две институции до ниното карактеризирање како посебни. Според нас основната разлика помеѓу имунитетот и екскусијата е различната појдовна точка. Екскусијата се развивала во борбата на феудалците против централната власт; со неа централната власт била принудена да се одрекне од извесни права и прерогативи, иако тоа го правела под наметка на великодушни дарувања. Напротив имунитетот се развивал со цел да се спречи феудалниот сепаратизам и зацврстување на централната власт.[1]

Георги Острогорски во сојата опширна стдуија, „Прилог историји имунитета у Византији" на следниов начин го формулира феудалниот карактер на екскусијата: „Принудена да се одрекне од извесни права и прерогативи, државната власт по пат на дарувања истите ги пренесува на земјопоседникот-имунист, кој на тој начин остварува спрема починетото население во своите поседи одредени функции од надлежноста на државата." ‚Нема сомнение — продолжува Гоерги Острогорски — дека и во Византија световните и духовните феудалци уживале значителни привилегии и дека во византискиот развој институцијата на имунитетот или екскусијата одиграла значајна улога."[2] Институцијата екскусија, според нас најзначајната улога ја одиграла влијаејќи врз развојот на феудалните односи во Визнтија. На ваков заклучок посредно и непосредно упатуваат: постоењето на финансиската екскусија и неј-

---

[1] Х. Меловски, Институцијата екскусија во Македонија во XI и XII век според даровните повелби на византиските цареви, Годишен збриник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 1 (27), 1975, 116.

[2] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета у Византији, Сабрана дела Георгија Острогорског, књига прва, Београд 1969, 407.

зиното постојано проширување, особено постоењето на целосната финансиска и судскоадминистративна ексусија, подарувањето на работна сила и начинот на нејзиното репродуцирање, мотивот на подарувањето имоти и екскусија и очигледниот придоне на екскусијата во остварувањето на тенденцијата за наследност на добиените привилегии.

Без институцијата екскусија не може да се замисли проширувањето и зајакнувањето на световниот и црковниот манастиркиот големопосед, една од основните економски категории на феудалното општество, од којашто не извирала само економската, туку и политичката моќ на феудалците.

* * *

Финансиската екскусија, особено кога таа била целосна, покрај обезбедувањето економски привилегии на феудалците, потенцијално таа содржела и судско-административни елементи, на кои укажал и Георги Острогорски во спомнатата погоре студија. На ваков заклучок упатуваат и следниве два изворни податоци:

Првиот е земен од хрисовулот на Алексиј I Комнин, издаден на светогорскиот манастир Лавра во август 1084 година.[3] Какуѓерите од овој манастир му се пожалиле на царот поради вмешувањето на Адријановите луѓе во нивните имоти на полуостровот Касандра изразувајќи го нивниот страв од насилно доведување во положба на парици, бидејќи врз основа на една негова поранешна повелба тие требало определените даноци од овие имоти наместо на државата да ги даваат на протосевастост Адријан, царевиот брат. Недоразбирањата меѓу Адријан и калуѓерите на Лавра компромисно ги решил испратениот од царот антипат (проконзул) Михаил. Споменатиот хрисовул заправо ги потврдува решението на антипатот Михаил. Имено, калуѓерите и понатаму морале да ги даваат утврдените даноци на Адријан, но неговите луѓе не смееле повеќе да се мешаат во касандриските имоти на манастирот Лавра и не смееле повеќе да бараат ангарии или што и да е друго од париците на овие имоти. (Οὔτε γὰρ ἀγγαρευθήσονται πώποτε ʽοἱ τῆς τοιαύτης μονῆς πάροικοι παρ᾽ αὐτῶν, οὔτε παραγγαρεία ὑποπεσοῦνται τινί, οὔτὲ τι ἀπαιτηθήσονται, οὔτε τὴν οἱασοῦν ὑποστή σονται ὄχλησιν, ἀλλὰ μόνα ὑφέξουσιν, ὡς δεδήλωται, τὰ ἀνήκοντα τούτοις τοῦ δημοσίου τελέσματα.)[4] Се поставува само по себе прашањето: Врз што се темели загриженоста и стравот на калуѓерите за нивното насилно претворување во парици од ова пренесување на фискалните права на Адријан? Очигледно изразениот страв од насилно претворување во парици се темелел на секојдневната практика, којашто покажувала дека ваквите пренесувања не биле чисто механички.

---

[3] P. Lemerle, A. Guillou, N. Séoronos, D. Papachrysanthou, Actes de Lavra. Prepartie: Des origines à 1204. Archives de l'Athos V, Paris 1970, N. 46, 250/1 (понамату P. Lemerle. AL).

[4] P. Lemerle, AL, N. 46, 251, 51—54.

Ако тие пренсувања во практика значеле само менување адресата на која треба да се плати данокот тогаш на калуѓерите би им било седно кому ќе му ги плаќат определените даноци, и најмалку ќе имале причини да му се жалат на царот и да ја бараат неговата заштита.[5]

Вториот податок е земен од хрисовулниот сигилиј на Алексиј I Комнин од октомври 1092 година.[6] Од него произлегува дека калуѓерите на истиот манастир гледале слична опасност во мешањето на работите на нивниот метох св. Андрија крај Солун на проноитите (управители) на имотите на севастократорот Исак, брат на Алексиј. Токму затоа тие го замолиле царот да го забрани тоа мешање, што тој го направил со овој сигилиј, одредувајќи притоа калуѓерите да ги плаќаат на Исак само определените даноци. (ἀλλ'οὐδὲ οἱ προνοηταὶ τοῦ πανευτυχεστάτου σεβαστοκράτορος καὶ περιποθήτου αὐταδέλφου τῆς βασιλείας μου ἕξουσιν ἐπ'ἀδείας ἐπαχθῶς φέρεσθαι καὶ ἐξουσιαστικῶν τὲ ἅμα καὶ ἐπηρεαστικῶς κατὰ τοῦ αὐτοῦ μετοχίου... .καὶ τῶν ὑπ' αὐτὸ καὶ τῶν παροίκων τούτου, ὡς μόνα τὰ ἀνήκοντα τέλη λαμβάνειν ὀφείλοντες παρὰ τῶν μοναχῶν καὶ πλέον μηδέν.)[7]

Во оваа смисла класичен е и примерот што го наведува Георги Острогорски, а земен е од хрисовулот на Алексиј I Комнин од февруари 1082 година издаден на светогорскиот манастир Ватопеди. Калуѓерите, имено, од овој манастир го замолиле царот да ги ослободи од плаќањето 19 номизми данок за нивните касандриски имоти наместо државната дотација (солемнион) што ја добивал манастирот во висина од 72 номизми.[8] Упадливата разлика од скоро еден спрема четири помеѓу дотацијата и данокот, недвосмислено укажува на големата и не само финансиска полза од добивањето екскусија. А причината што ја наведуваат калуѓерите за оваа замена, дека не можат да патуваат до градот по дотацијата бидејќи губеле многу време, според нас е неубедителна.

Двојното обликување на екскусијалните формули на даровните повелби индиректно упатуваат исто така на заклучок дека финансиската екскусија не обезбедувала на екскусијастот исклучиво финансиски привелегии, иако, формално гледано, таа давала само такви привилегии. Во првиот дел од екскусијалните формули, дестинатарот добивал делумна или целосна финансиска екскусија, а во вториот дел аукторот го забранувал менувањето или укинувањето на неговите одлуки од страна на разните чиновници (цивилни и воени) употребувајќи ги притоа воглавно инфинитивите: ἀθετεῖν-прекршува; ἀνακρίνειν — ревидира; ἀνατρέπειν — променува; ἀποσπᾶσθαι — одделува; ἀφελέσθαι — одзема, или го забранува нивното влегување (εἰσέρχεσθαι) во екску-

---

[5] Х. Меловски, Институцијата екскусија во Македонија..., 121.

[6] F. Dolger, Aus den Schatzkammern des heiligen Berges, München 1948, N. 14; 55/6; P. Lemerle, AL, N. 51, 270/1.

[7] P. Lemerle, AL, N. 51, 271, 13—18.

[8] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета... 427/8.

сијалните имоти. Самото добивање финансиска ексkусија објективно имплицирало забрана на влегувањето на редица чиновници во ексkусијалните имоти, без оглед дали таа забрана била изрично назначена.

Вообичајната практика на потврдување на повелбите издадени од поранешните цареви, од страна на новокрунисаните, која може да се констатира во голем број повелби, не обезбедувала само континуитет и гаранција на веќе добиените имоти и привилегии, туку се користела истовремено како прилика за добивање нови имоти и проширување на екскусијата, сé до нејзината целосност. Според тоа институцијата акскусија со нејзиното перманентно постоење и проширување, не само што ги репродицирала веќе постојните феудални односи, туку и ги развивала.

Многубројни се сочуваните повелби со кои aукторот покрај потврдувањето на порано добиените имоти, парици и дулопарици, екскусија делумна или целосна, му подарувал на дестинатарот и нови имоти, и нови парици, и му ја проширувал екскусијата, отстранувајќи ги притоа поранешните ограничувања, сé до бришењето на екскусијалните имоти од фискалните списоци или царските домени, како што бил случајот со депадансот (προάστειον) Ано, кој Алексиј I Комнин наполно го одделил од доменот Македонија (τῇ ἐπισκέφει Μακεδονιας) и сите негови права и го предал во потполна сопственост на Леон Кефалас и неговите наследници за вечни времиња да прават со него што сакаат.[9] Следните два примера јасно укажуваат не само на потврдувањето, туку и на проширувањето на привилегиите. Земени се од двата хрисовула на Микифор III Ботанијат од јули 1079 годин. Првиот е издаден на манастирот Ивирон и со него Никифор ја потврдува целосната важност на сите хрисовули што му припаѓаат на овој манастир издадени од поранешните цареви.[10] Истовремено подарува екскусија на манастирот за сите негови депаданси, ниви и исихастирии.[11] Вториот хрисовул е издаден на манастирот Мелана. Со него Никифор го потврдува хрисовулот на царот Роман III Аргир, со кој манастирот добил 100 неоданочени парици и дулопарици. Никифор пак чувствувал потреба и од своја страна да додаде нешто, за да покаже дека предводи во правењето добрини, затоа му дарува на манастирот ист толкав број парици.[12]

---

[9] P. Lemerle, AL, N. 49, 262, 19—26.

[10] ...δι'ὧν θεσπίζει καὶ διορίζεται τὰ μὲν προσόντα τῇ αὐτῇ μονῇ χρυσόβουλλα τὸ ἐνεργοῦν ἔχειν καὶ ἐνδύναμον ἐπι πάσιν, οἷς οἱ προβεβασιλευκότες ἐθέσπισαν εἴς τε δωρεὰς κτημάτων, σολεμνίων, ἡσυχαστηρίων καὶ ἐπηρειῶν ἐξκουσσείαν. (F. Dölger, Aus den Scatzmmern, N. 35, 101, 35/7).

[11] ... καὶ τὸν παρόντα χρυσόβουλλον λόγον αὐτοῖς ἐχαρίσατο εἰς κραταίωσιν μὲν τῆς σεβασμίας μονῆς τούτων, ἐν ᾗ ποιοῦνται τὴν ἄσκησιν, ἐξκουσσείαν δὲ καὶ τῶν ἐν αὐτῇ πάντων προαστείων τὲ καὶ ἀγριδίων καὶ μὴν καὶ τῶν ἡσυχαστηρίων αὐτῶν. (F. Dölger, Aus den Schatzkam., N. 35, 101, 32/5).

[12] Ἐπεὶ δὲ οὐκ ἤρκει τῇ τῆς βασιλείας ἡμῶν ἀγαθότητι τὸ ἕπεσθαι μόνον προηγησαμένοις καλοῖς, ἀλλ'ἔδει ταύτην καὶ παρεαυτῇ τὶ προσθεῖναι ἵνα καὶ ἀρχομένη φαίνηται τῶν σωτηριωδῶν, προστίθησι τῇ προαναγεγραμμένῃ χρυσοβούλλῳ δωρεᾷ τῶν ἑκατὸν ἀτελῶν παροίκων καὶ δουλοπαροίκων ἴσον ἕτερον ἀριθμόν. (P. Lemerle, AL, N. 38, 218, 19—24),

* * *

Феудалниот карактер на институцијата екскусија најјасно го изразува судската екскусија, која најдиректно учествувала во реализирањето на една од основните тенденции на феудалното општество-сепаратизмот.

Постоењето на судската екскусија во Византија е неоспорно, иако изворните податоци, кои директно упатуваат на ваков заклучок, се малобројни. Впрочем Георги Острогорски во спомнатата студија тоа постоење недвосмислено го докажува, упатувајќи притоа и на заслугите на Р. А. Яковенко и К. Н. Успенски во откривањето на овој облик екскусија во Византика.[13]

Малиот број сочувани повелби, во кои може јасно да се констатира судската екскусија, се должи и на постоењето на силна централна власт во Византија, а релативно поголемиот број вакви сочувани повелби од подоцнежниот период упатува на заклучок за еволуирањето на екскусијата во квалитетивно повисоки облици во зависност од развојот на вкупните феудални односи. Според тоа ексусијата не треба да се сфати статично, дека цело време егзистирала со една петрифицирана содржжина, дадена еднаш за секогаш, туку напротив треба да се сфати како една динамична институција со менлива содржина, којашто активно учествувала во обликувањето на феудалните односи во Византија.

За илустрација ќе наведеме два примера, во кои јасно може да се констатира судската екскусија. И двата се искористени во досегашните истражувања на оваа институција. Временската пак дистанца што ги дели упатува на заклучок за нејзиното повеќевековно постоење. Првиот е земен од хрисовулот на Константин IX Мономах, издаден во јуни 1045 на манастирот Неа на островот Хиос. Со овој хрисовул царот заповеда дека од сега па за вечни времиња ниту еден судија не влезе во спомнатиот манастир поради било какво судење.[14] Тоа значи дека во рамките на манастирскиот имот самиот манастир ќе суди на своите калуѓери и своите парици. Вториот пример е земен од хрисовулот на трапезунтскиот цар Алексиј III Комнин, издаден во 1364 година на манастирот Пресвета Богородица на горета Сумела.[15] Во овој опширен хрисовул царот Алексиј III Комнин, покрај повтрдувањето на сите порано добиени или купени имоти, му обезбедува на мана-

---

[13] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета ... 645 ff.

[14] ... θεσπίζει διὰ τοῦ παρόντος αὐτῆς εὐσεβοῦς χρυσοβούλλου λόγου, ὥστε ἀπὸ τοῦ νῦν καὶ εἰς τοὺς ἑξῆς ἅπαντας καὶ διηνεκεῖς χρόνους μή τινα δικαστὴν εἰς τὴν δηλωθεῖσαν μονὴν παριέναι δίκης οἱσδήτινος ἕνεκεν, (F. Miklosich—J. Müller, Acta et diplomata graeca medii aevi, sacra et profana, 5, 3, 18—21. (понатаму ММ,)

[15] ММ, 5, 276/80.

стирот и судска ексkусија забранувајќи го изрично влегувањето на разните државни службеници во неговиге имоти поради судење (χάριν κρίσεως) или поради побарување. (ἀπαιτήσεως)[15]

* * *

Феудалниот карактер на ексkусијата го докажува и подарувањето на работна сила и начинот на нејзиното репродуцирање, за која ексkусијастот скоро секогаш добивал ексkусија.

Сочуваните повелби со кои аукторот му обезбедувал работна сила на дестинаторот се многубројни. Долунаведените примери претставуваат само мал избор од нив. Со хрисовулот од 946 година издаден на манастирот Ивирон царот Константин VII Порфирогенит, покрај доделувањето ексkусија за проскатизомените парици и дулопарици, му подарува на овој манастир уште 36 парици ослободени од секакви давачки (καὶ δωρεὰν παροίκων ἀτελῶν τριάκοντα ἕξ μή τισι τοῦ δημοσίου τελέσμασιν ἤ βασιλικοῖς λειτουργήμασι καθυποκειμένων).[17] Истиот владател на истиот манастир со хрисовул од 957/8, покрај ексkусија за депадансите (προάστεια) на овој манастир на полуостровот Касандра, му подарува и 70 парици, кои немаат свои имоти, а се ослободени од сите давачки кон државата (καὶ δωρεὰν παροίκων ἀτελῶν ἑβδομήκοντα τῶν μή τε γῆν ἰδίαν ἐχόντων μήτε τελέσμασι τισι δημοσιακοῖς ἤ βασιλικοῖς λειτπυργήμασι καθυποβλημένων).[18] Царот Василиј II на истиот манастир со хрисовул од 969/70 му дава ексkусија за 60 димосаирии парици, подарени на манастирот од порано, и за уште 40 парици, (Πρὸς τούτοις δὲ καὶ τοὺς μετὰ ταῦτα δωρηθέντας αὐτῷ τεσσεράκοντα παροίκους).[19] Царот Михаил VII Дука со хрисовул од 1060 година издаден на манастирот Лавра го забранува смалувањето бројот на 100-те парици, кои не плаќале даноци, а биле подарени на манастирот од Константин VII Порфирогенит (καὶ μήτε τον ἀριμὸν τῶν ἑκατῷν ἀτελῶν παροίκων καὶ δουλοπαροίκων ἀπομειουσθαι παρά τινος).[20] Веќе е спомнат хрисовулот на Никифор III Вотанијат од јули 1079 година со кој царот, покрај потврдувањето на 100 парици подарени на манастирот Мелана од Роман III Аргир, му подарува на манастирот уште 100 парици. Алексиј I Комнин во април 1084 година издава хрисовул[21] со кој на Леон Кефалас му се подарува депадансот Месолимна близу Солун со целиот негов посед

---

[16] ... μηδὲ ἐκ τῶν ἐνεργητῶν καὶ δουκῶν καὶ πριμμικηρίων καὶ λοιπῶν ἐν τοῖς μετέπειτα καιροῖς πρακτόρων καὶ κατεπάνω τῆς χώρας μου τῶν τὰς ἐνεργείας αὐτῆς ποιουμένων καὶ βῆμα ποδὸς τολμήση ἐνβάλεῖν ἐντὸς τῶν δικαίων, καὶ παροίκων τῆς μονῆς, χάριν κρίσεως ἤ ἀπαιτήσεως ἤ ἐνεργείας τινὸς καὶ συζητήσεως. MM, 5, 279, 9—13.)

[17] Fontes graeci historiae bulgaricae, VI, София, 1965, 38.

[18] Ibidem.

[19] Ibidem. 39,

[20] P. Lemerle, ĆL. N. 33, 197, 72—74.

[21] P. Lemerle, AL, N. 45, 246/7.

(μετὰ πάσης τῆς τούτου περιοχῆς καὶ διακρατήσεως) со сите негови права и привилегии (καὶ πάντων τῶν διαφερόντων αὐτῷ δικαίων καὶ προνομίων) и затекнатите во него ѕевгари и парици (καὶ τῶν ἐν αὐτῷ εὑρεθέντων ζευγῶν καὶ παροίκων) во потполна и неприкосновена сопственост (ἐπὶ τελεία καὶ ἀναφαιρέτω δεσποτεία καὶ κυριότητι). Во практиконот од 1152 година за манастирот Елеуса крај Струмица, покрај останатото, Маноило Комнин му дозволи на овој манастир да ги задржи 12-те актимони парици, подарени на манастирот од дедо му Алексиј I Комнин, кои во меѓувреме станале ѕевгарати, и тоа со сета нивна земја во потполна и неприкосновена сопственост за секогаш (κατέχειν ταύτην τους τοιούτους δώδεκα παροίκους, ἀπὸ ἀκτημόνων ζευγαράτους γεγονότας, μετὰ τῆς ἀνηκούσης αὐτοῖς γῆς κατὰ τελείαν καὶ ἀναφαίρετον δεσποτείαν εἰς τὸν αἰῶνα τὸν ἅπαντα).[22]

Следните два примена се однесуваат на пополнувањето бројот на париците со нивните деца и внуци, факт кој најдиректно укажува не само на класниот карактер на византиското општество, туку и на неоспорното влијание на екскусијата врз развојот на феудалните односи во ова општество. Првиот пример е земен од спомнатиот хрисовул на Никифор III Вотанијат од 1079 година, издаден на манастирот Мелана. Калуѓерите на овој манатсир се задолжуваат нивните 200 парици и дулопарици да ги пополнуваат само од нивните деца и внуци (οὐκάλλοθεν ἀναπληροῦσθαι ὀφείλοντα τοῖς μοναχοῖς ἀλλ᾽ ἤ τῶν παίδων καὶ ἐγγόνων τῶν προκεκληρωμένων τῇ μονῇ δουλοπαροίκων). Вториот пример е земен од решението (λύσις) на Маноило Комнин од мај 1156 година, со кое, покрај потврдувањето на поранешните привилегии на манастирот Елеуса кај Струмица, се потврдуваат веќе подарените 12 парици, чии број треба да остане непроменет, а по нивната смрт задолжително да се надоместуваат од нивните деца. (Ἡ βασιλεία μου τὸ ποσὸν τῶν δωρηθέντων ὑμῖν δώδεκα παροίκων ἀκαινοτόμητον βούλεται κέκτησθαι ὑμᾶς ὀφεῖλον ἀναπληροῦσθαι, τελευτώντων αὐτῶν, ὑπὸ τῶν παίδων αὐτῶν).[24]

Поседувањето на парици, како што е познато, во Византија било контролирано од институцијата аритмос (ἀριθμός). Со оваа институција централната власт не обезбедувала само контрола над економската и политичката моќ на феудалците,туку и контрола на движењето на зависносто население. Во спомнатиот веќе практикон од 1152 година на манастирот Елеуса се гледа, дека и квалитативната промена (претворувањето на 12-те парици од актимони во ѕевгарати) барала санкционирање од владетелот,[25] факт кој јасно укажува на делувањето на институцијата аритмос. Меѓутоа, со честите подарувања на парици и постојаното зголемувањена нивниот број, оваа институција ја губела

---

[22] Fontes graeci historiae bulgaricae, VII, София 1968, 88.
[23] P. Lemerle, AL, N. 38, 218, 25—26.
[24] Fontes graeci historiae bulgaricae, VII, София 1968, 85.
[25] Ibidem, 88.

својата строгост со што, според Острогорски, се извршил суштински пресврт во односот на силите меѓу државата и земјоделската — феудална аристократија.[26]

* * *

Мотивот на подарувањето имоти и екскусија, како што е забележано во повеќето даровни повелби, воглавно е религиозен, но не изостанува ни социјалниот ни политичкиот мотив. Во некои даровни повелби издадени на световни феудалци мотивот на подарувањето во извесна смисла потсетува на односите меѓу сениор и вазал. Така на пример, царот Михаил VII Дука во хрисовулот од октомври 1074 година,[27] издаден на Михаил Аталијат, мотивирајќи го доделувањето екскусија на неговите имоти во Тракија и Македонија, истакнува, меѓу другото, дека Михаил Аталијат е од благородно потекло (τοῦ εἴδους αἰδέσιμος) многу учен (πολὺς τὴν παίδευσιν) со зачудувачко искуство и уште позачудувачка верност ион мојата височ (τὴν πεῖραν θαυμάσιος, καὶ πρὸς τὴν βασιλείαν μου πίστιν θαυμασιώτερος).

Царот Алексиј I Комнин во хрисовулот од мај 1086 година[28] мотивирајќи го подарувањето на селото Хостијани и доделувањето екскусија за истото на Леон Кефалас, вели дека селото му го дава не како подарок (οὐ προῖκα καὶ ἀμισθί) туку како награда (ἀλλ' εἰς ἀνταμοιβὴν) за неговите заслуги во одбраната на опколената Лариса од Боемундовите Нормани. Истиот владетел во една повелба од март 1082 година[29] го нарекува Леон Кефалас верен слуга (Ὑπηρέτης πιστός) кој без двоумење и постојано им служи на господарите и токму затоа нужно ја привлекува врз себе господарската грижа (ἀναγκαίως ἄρα καὶ δεσποτικὴν εἰς ἑαυτὸν ἐφέλκεσθαι εὔνοιαν).

* * *

Институцијата екскусија помогнувала на световните и духовните феудалци во наследувањето на добиените имоти и привилегии. На ваков заклучок не упатува само практиката на потврдување на веќе добиените повелби од страна на новокрунисаните цареви, ниту, пак честите, и стереотипни истакнувања во екскусијалните формули, дека имотите, париците и ексусијата се даваат за вечни времиња,[30] туку и извор-

---

[26] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета... 435.

[27] ММ, 5, 135/8.

[28] P. Lemerle, AL, N. 48, 258/9.

[29] P. Lemerle, ĆL, N. 44, 243/4.

[30] εἰς τοὺς ἑξῆς ἅπαντας καὶ διηνεκεῖς χρόνους (P. Lemerle, AL, N. 45, 31.) καὶ ἄχρι πέρατος τοῦ παρόντος αἰῶνος (P. Lemerle, AL, N. 48, 258, 20—21.) ἐξκουσσείας καθαρᾶς ἀπολαύσουσι νῦν τε καὶ εἰς τὸ ἑξῆς (P. Lemerle, AL, N. 38, 218, 27—28). καὶ νέμεσθαι δεσποτικῶς καὶ ἀνεπικολύτως εἰς τὸν αἰ ῶνα τὸν ἅπαντα ὡς δεσπότης (P. Lemerle, AL, N. 43, 239, 10—11)

ните податоци во кои конкретно и директно се зборува за наследување на имотите и екскусијата од страна на наследниците на екскусијастот.

Карактеристичен во оваа смисла е примерот од веќе спомнатата повелба на Алексиј I Комнин, издадена во мај 1086 година на Леон Кефалас. Во неа се вели дека селото Хостијани, кое се наоѓа во темата Моглен, му се доделува на Кефалас, на неговото семејство и на сите негови наследници во неприкосновена сопственост за секогаш, без да се должни тој и неговото семејство да даваат на фискусот било каква давачка (μένειν αὐτῷ καὶ παντὶ τῷ μέρει αὐτοῦ καὶ τοῖς ὅλοις κληρονόμοις καὶ διαδόχοις τούτου τὸ διαληφθὲν ἐν τῷ θέματι τῶν Μογλένων χωρίον τὴν Χοστιανὴν ἀναφαίρετόν τε καὶ ἀναπόσποστον εἰς τοὺς ἑξῆς ἅπαντας καὶ διηνεκεῖς χρόνους ἀτελῶς μέντοι καὶ ἀβαρῶς, μὴ ὀφείλοντος τούτου ἢ τοῦ μέρους αὐτοῦ παρέχειν ὅλως τι πρὸς τὸν δημόσιον χάριν ἡστινοσοῦν ἀπαιτήσεως).[31] Во веќе спомнатиот хрисовул на истиот цар од октомври 1089 година,[32] издадена на децата на Леон Кефалас, се потврдуваат уште еднаш наследните права дадени со хрисовулот од 1086 година. Во хрисовулот од 1089 година, покрај другите имоти, се спомнува и депандансот Ано, кој, пред да му се предаде на Кефалас,, припаѓал на доменот Македонија, а царот го одделил од сите права на овој домен (ὅ τῇ ἐπισκέψει Μακεδονίας ἄνοθεν ὑποκείμενον ἀπέσπασε πάντη τῶν ταύτην δικαίων) и го подредил под господството на Кефалас (τῇ τοῦ Κεφαλᾶ δεσποτείᾳ ὑπέθετο) и на неговото семејство за секогаш (καὶ τοῦ ὅλου μέρους αὐτοῦ εἰς τὸν ἑξῆς ἅπαντα χρόνον διηνεκῶς). Со овој хрисовул всушност Алексиј I Комнин ја исполнил молбата на децата на Кефалас и неговата тестаментарна желба, со која тој одредил да се пренесат сите негови права над спомнатите имоти во хрисовулот на неговите деца и нивните насладници. (ἐπὶ τοὺς αὐτου παῖδας τὴν τούτων δεσποτικῶς μετεβήβασε κατοχήν, καὶ δεσπόζεσθαι τὰ τοιαῦτα παρὰ τούτων καὶ τοῦ μέρους αὐτῶν διετάξατο).[34] Алексиј I Комнин во диспозицјата на овој хрисовул заповедал не само пренесување правата на Кефалас над сите спомнати имоти на неговите деца и нивните наследници, (Θεσπίζει δὲ καὶ διὰ τῆς παρούσης ταύτης γραφῆς δεσπόζειν τοὺς ἐκείνου παῖδας μετὰ παντὸς τοῦ μέρους αὐτῶν καὶ ὅλων κληρονόμων καὶ διαδόχων τῶν προειρημένων ἁπάντων)[25] туку и понатамошно уживање на екскусија подарена на Леон Кефалас за овие имоти. (ἀλλὰ καὶ τῆς δεδωρημένης αὐτοῖς ἐξκουσσείας τὰ προπεφιλοτιμημένα τῷ προέδρῳ τῷ Κεφαλᾶ ἀπολαύσουσιν).[36]

---

[31] P. Lemerle, AL, N. 48, 258, 12—16.
[32] P. Lemerle, AL, N. 49, 261/3.
[33] P. Lemerle AL, N. 49, 262, 20—22.
[34] P. Lemerle, AL, N. 49, 262, 50—52.
[35] P. Lemerle, AL, N. 49, 263, 59—61.
[36] P. Lemerle, AL, N. 49, 263, 67—68.

Расположливите изворни податоии од даровните повелби на византиските цареви, како што гледаме, ни даваат за право да се изјасниме во црилог на влијанието на институиијаа екскусија врз развојот на феудалните односи во Византија.

Hristo Melovski

## DER EINFLUSS DER EXKUSSEIA AUF DIE ENTWICKLUNG DER FEUDALVERHALTNISSE

(Zusammenfassung)

Auf Grund der Angaben in den Schenkungsurkunden der byzantinische Kaiser macht der Verfasser den Versuch, den Einfluss der Exkusseia als Finanz- und gerichtsadministrative Grösse auf die Entwicklung der Feudalverhältnisse festzustellen.

Die Reproduzierung und die Entwicklung dieser Verhältnisse sucht der Autor auch in der Praxis der Bestätigung und Erweiterung der bereits bestehenden Privilegien, in der Bestrebung nach ihrer Vererbung, der Reproduzierung der Paroikoi, Prozesse, die sich im Rahmen der Institution der Exkusseia abwickeln. Die zweifache Gestaltung der Exkussialformeln und die unterschiedlichen Formulierungen, durch die das Verhältnis zwischen dem Auktor und dem Destinatär bestimmt wird, verweisen nach der Auffasung des Ferfassers auf den Einfluss der Exkusseia auf die Entwicklung der Frudalverhältnisse in der byzantinischen Gesellschaft.